# Извештај по повод 1-ви декември, Светски ден за борба против СИДА

ХИВ останува главен глобален јавно-здравствен проблем, досега се регистрирани околу 44,1 милиони смртни случаи. Трансмисијата на вирусот се регистрира во сите земји на глобално ниво.

Се проценува дека на крајот на 2024 година живееле 40,8 милиони луѓе со ХИВ, од кои 65% се во африканскиот регион на СЗО.

Во 2024 година, околу 630 000 луѓе починале од причини поврзани со ХИВ и се проценува дека 1,3 милиони луѓе се здобиле со ХИВ.

Не постои лек за ХИВ инфекцијата. Меѓутоа, со пристап до ефикасна превенција, дијагноза, антиретровирусен третман и грижа за ХИВ, вклучително и за опортунистички инфекции, ХИВ инфекцијата стана хронична здравствена состојба, овозможувајќи им на луѓето што живеат со ХИВ да водат долг и здрав живот.

До 2025 година, 95% од сите луѓе кои живеат со ХИВ треба да имаат дијагноза, од кои 95% треба да земаат животоспасувачки антиретровирусен третман, а 95% од луѓето кои живеат со ХИВ на третман треба да постигнат вирусна супресија.

Во 2024 година, од сите луѓе кои живеат со ХИВ, 87% го знаеле својот статус, 77% примале антиретровирусна терапија и 73% имале потиснато вирусна супресија.

На 1 декември, СЗО се приклучува кон партнерите и заедниците во одбележувањето на Светскиот ден за борба против СИДА 2025, под мотото „Надминување на нарушувањата, трансформирање на одговорот кон СИДА", повикувајќи на континуирано политичко водство, меѓународна соработка и пристапи засновани на човекови права за ставање крај на СИДА до 2030 година.

По децении напредок, одговорот на ХИВ се наоѓа на раскрсница. Животоспасувачките услуги се нарушени, а многу заедници се соочуваат со зголемени ризици и ранливости. Сепак, и покрај предизвиците, надежта опстојува во одлучноста, издржливоста и иновацијата на заедниците кои се стремат да ја стават СИДА во историјата.

## СОСТОЈБА СО ХИВ/СИДА ВО МАКЕДОНИЈА

### 1. Состојба со ХИВ/СИДА во Македонија во 2025 година

Во 2025 година (заклучно со 27.11.2025), пристигнати се пријави за 38 новорегистрирани лица на ХИВ/СИДА во Македонија, што претставува инциденца од 2,1 на 100.000 жители. За споредба, инциденцата во земјите на ЕУ/ЕЕА во 2024 била 5,3/100.000 жители[1].

Бројот на случаи во 2025 година е помал за 25,5% споредено со истиот период од 2024 година кога беше регистриран 51 случај (заклучно со 27.11.2024).

Од случаите во 2025 година, најголем дел (n=15) се со место на живеење во Скопје со инциденца од 2,5/100.000 жители. Останатите случаи се регистрираат како спорадични случаи во 14 градови од Македонија. Еден случај во 2025 е странски државјанин. Дистрибуцијата на случаите дијагностицирани во 2025 е претставена во Табела 1.

Во 2025 година, регистрирани се 8 смртни случаи поврзани со СИДА.

**Табела 1.** Дистрибуција според место на живеење на новорегистрирани и починати случаи на ХИВ/СИДА, Македонија, 2025 година

| Место на живеење | ХИВ | СИДА | Вкупен број во 2025 | Инциденца/ 100.000 | Починати од СИДА |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 11 | 4 | 15 | 2,5 | 1+1* |
| **Тетово** | 3 | 0 | 3 | 1,8 | |
| **Прилеп** | 1 | 1 | 2 | 2,3 | |
| **Охрид** | 1 | 1 | 2 | 3,6 | 2* |
| **Виница** | 2 | 0 | 2 | 13,8 | |
| **Струга** | 1 | 1 | 2 | 3,7 | |
| **странец** | 1 | 1 | 2 | / | 1 |
| **Кочани** | 1 | 1 | 2 | 5,1 | |
| **Пробиштип** | 1 | 0 | 1 | 7,5 | |
| **Гостивар** | 0 | 1 | 1 | 1,2 | 1 |
| **Велес** | 1 | 0 | 1 | 1,7 | |
| **Делчево** | 1 | 0 | 1 | 5,0 | |
| **Куманово** | 1 | 0 | 1 | 0,8 | |
| **Кичево** | 1 | 0 | 1 | 2,5 | |
| **Битола** | 0 | 1 | 1 | 1,1 | |
| **Крива Паланка** | 1 | 0 | 1 | 4,6 | |
| **Струмица** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2* |
| **ВКУПНО** | **27** | **11** | **38** | **2,1** | **3** |

*Случаи регистрирани во претходни години

[1] HIV/AIDS surveillance in Europe 2025 – 2024 data. Достапен на: https://www.ecdc.europa.eu/en/publications-data/hivaids-surveillance-europe-2025-2024-data

Во 2025 година, од регистрираните случаи, 37 се од машки пол, еден од женски пол.

Возраста на случаите не отстапува значително од возрасната дистрибуција од предходно пријавените случаи. Просечната возраст на новите случаи е 35 години, а е во опсег од 23 до 64 година, 73,7% од случаите се на возраст од 20 до 39 години.

Од анализата на пристигнатите пријави, од тие со достапен податок, се забележува дека во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, регистрирани се 5 лица со хетеросексуална трансмисија и 29 лица од МСМ популацијата.

## 2. Кумулативни податоци со ХИВ/СИДА во Македонија (заклучно со 27.11.2025)

Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, од 1987 до 2025 (заклучно со 27.11.2025) се регистрирани 726 случаи на ХИВ/СИДА, но во последните години се бележи нагорен тренд, 32% од сите случаи се регистрирани во последните пет години (Графикон 1).

**Графикон 1.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА, Македонија, 1987-2025 година




Кумулативно, од регистрираните случаи, 655 (90,2%) се од машки пол и 70 (9,6%) од женски пол. Високото пропорционално учество на машки лица во бројот на новорегистрирани случаи е тренд во изминатите 15 години (Графикон 2).

**Графикон 2.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по пол, Македонија, 1987-2025 година




Просечната возраст на регистрирани случаи кога била поставена дијагнозата е 34 години (опсег од 0-85 години). Дистрибуцијата по возраст укажува дека најзафатени се сексуално активни лица на возраст од 20-39 години кои чинат речиси три четвртини од дијагностицираните случаи (73%, n=530). На млади на возраст до 19 години отпаѓаат помалку од 2% (Графикон 3).

**Графикон 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по возраст, Македонија, 1987-2025 година




Во периодот од 1987 до 2025 година (заклучно со 27.11.2025), вкупно 138 од дијагностицираните лица во Македонија починале поради причини поврзани со СИДА, што претставува стапка на смртност од 18,2%.

Со воведувањето на антиретровирусната терапија, преживувањето на лицата кои живеат со ХИВ е значително подобрено, во последните 10 години од 447 регистрирани случаи регистрирани се 33 смртни случаи што претставува стапка на смртност од 7,4%.

Кумулативно, најголем број од случаите се со место на живеење во Скопје (n=291) (Табела 2).

**Табела 2.** Географска дистрибуција, вкупен број и починати, Македонија, 1987-2025

| Град | Вкупно 1987-2025 | ХИВ | СИДА | Починати |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 328 | 229 | 99 | 50 |
| **Тетово** | 42 | 16 | 26 | 17 |
| **Прилеп** | 34 | 22 | 12 | 7 |
| **Штип** | 32 | 22 | 10 | 7 |
| **Куманово** | 32 | 22 | 10 | 5 |
| **Битола** | 28 | 18 | 10 | 2 |
| **Охрид** | 26 | 15 | 11 | 9 |
| **Велес** | 23 | 15 | 8 | 4 |
| **Гостивар** | 19 | 13 | 6 | 2 |
| **Струмица** | 19 | 14 | 5 | 4 |
| **Кочани** | 17 | 11 | 6 | 3 |
| **Кавадарци** | 15 | 9 | 6 | 3 |
| **Струга** | 10 | 6 | 4 | 2 |
| **Кичево** | 9 | 2 | 7 | 5 |
| **Пробиштип** | 9 | 4 | 5 | 1 |
| **Делчево** | 8 | 5 | 3 | 1 |
| **Дебар** | 7 | 4 | 3 | 2 |
| **Виница** | 7 | 3 | 4 | 2 |
| **Крива Паланка** | 6 | 4 | 2 | 2 |
| **Свети Николе** | 5 | 3 | 2 | 1 |
| **Богданци** | 4 | 3 | 1 | |
| **Гевгелија** | 3 | 2 | 1 | |
| **Берово** | 3 | 2 | 1 | |
| **Радовиш** | 3 | 1 | 2 | |
| **Дојран** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Неготино** | 2 | 2 | | |
| **Кратово** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Македонски Брод** | 2 | 2 | | |
| **Демир Капија** | 2 | 1 | 1 | |
| **Демир Хисар** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Ресен** | 2 | 2 | 5 | 1 |
| **Македонска Каменица** | 1 | | 1 | |
| **Пехчево** | 1 | 1 | | |
| **Валандово** | 1 | 1 | | |
| **нп** | 1 | 1 | | |
| **странец** | 19 | 9 | 10 | 5 |
| **ВКУПНО** | **726** | **467** | **259** | **138** |

**Картограм.** Географска дистрибуција, I/100.000, Македонија, 1987-2025




Кумулативно според начинот на трансмисија, најголем број од случаите (62,1%) се кај мажи кои имале секс со маж, хетеросексуалниот начин на пренос е регистриран кај 229 случаи.

**Табела 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по според начин на трансмисија, Македонија, 1987-2025

| Начин на трансмисија на лицата со ХИВ/СИДА | ВКУПНО | ПРОЦЕНТ |
|---|---|---|
| МСМ | 451 | 62,1 |
| Хетеросексулен пат на пренос | 229 | 31,5 |
| Лица кои инјектираат дрога | 12 | 1,7 |
| Вертикален пренос (мајка на дете) | 6 | 0,8 |
| Лица со хемофилија | 5 | 0,7 |
| Непознат начин на пренос | 23 | 3,2 |
| Вкупно | 726 | 100,0 |

Слично како и во останати земји од европскиот регион, во Македонија, мажи кои имаат секс со мажи се изложени на поголем ризик од ХИВ инфекција, во последните 10 години 72,8% од регистрираните случаи се кај мажи кои имале секс со мажи.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје**